

ЗЕЛЕН ДОГОВОР

на Република С. Македонија

за праведна системска трансформација

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

За праведна системска трансформација на нашата држава!

За да се справиме со климатската катастрофа, да градиме отпорност кон постоечки и идни кризи, и да го трансформираме моменталниот неправеден и угнетувачки социо-економски систем, потребна е смела визија за тоа како го замислуваме посакуваниот социјално праведен и еколошки-одржлив систем. Ова е моментот да ги обединиме нашите борби и да ги зајакнеме нашите гласови како социјални движења, групи, иницијативи, синдикати, организации, креатори на политики, научници, академици, згрижувачи, просветни работници, активисти и граѓани. Ова е моментот стратешки да работиме заедно кон заедничка визија, во секоја област на влијание што би можеле да ја имаме, и да го трансформираме сегашниот неправеден систем во систем што се заснова на љубов, солидарност и длабока грижа, и просперира во ослободувањето на народите и прославувањето на нашите различности, во хармонија со природата.

Визијата за овој систем мора да биде изготвена преку:

- создавање и одржување на сојузништва,
- колективно визионирање, и
- колективно стратешко дејствување врз база на таа визија

од страна на поединци, групи и заедници кои се спротивставуваат на активности штетни за луѓето и природата, пружат колективен отпор кон угнетувачки акции и политики, и заеднички креираат смели трансформативни стратегии за дејствување кон подобрување на животите на нашите заедници на локално, национално, регионално и меѓународно ниво.

НОЕМВРИ 2021

КРЕИРАН ОД:

КОАЛИЦИЈА НА ИДНИНАТА

Kolektiv Z

ГЛАВНИ КОМПОНЕНТИ

- **Загарантирани основни човекови права**
- **Пристап до достоинствена работа**
- **Достоинствени примања**
- **Квалитетно и достапно образование**
- **Квалитетно и достапно здравство**
- **Децентрализирана 100% обновлива енергија**

НАЧИНИ НА РАБОТА

- **Колективно дејствување**
- **Проширување на Коалицијата на иднината**
- **Конкретни барања и анализи на моменталната состојба**
- **Вокалност околу барањата (локално и глобално)**
- **Поврзување со групи, движења и заедници на локално, национално, регионално и меѓународно ниво**
- **Во солидарност со заедници и движења кои се на фронтовите на екстракција на минерали , кај нас и низ целиот свет**
- **Спротиставување на евроцентричната развојна логика, репликацијата на формите на климатски колонијализам и репродукцијата на „зелени зони на жртвување“ кај нас, низ регионот и ширум светот**
- **Во солидарност со народните борби за климатска и социо-економска правда**
- **Размена на искуства, зајакнување на движењето**
- **Имплементирање на можни решенија кои ни се веќе на дофат**

НА БАЗА НА КОНКРЕТНИ ПРИНЦИПИ:

- **Без простор за дискриминација**
- **Свесност за своите привилегии, свесност дека доаѓаме од различи позадини, и дека поаѓаме од различни точки**
- **Соработка на секој начин на кој можеме**
- **Сослушување едни со други со внимание**
- **Меѓусебна почит, разбирање и не осудување**
- **Предвид за индивидуалното заземање на колективно време и простор**
- **Аргументирани дискусии**
- **Помагање едни на други**
- **Заеднички стремеж за подобра сегашност и иднина**

КОНТУРИ НА НАЦИОНАЛНИОТ ЗЕЛЕН ДОГОВОР

1. **Партиципативни начини на управување и донесување одлуки**
2. **Одржливи системи за култивација и дистрибуција на храна и рурални области**
3. **Декарбонизација, децентрализирање и обновување на енергетскиот систем и климатска акција**
4. **Природни добра: заштита и обновување на екосистемите**
5. **Јавно здравје и прочистување на воздухот, водите и почвата**
6. **Социјална праведност и пристап до достоинствена работа**
7. **Уметност, култура, образование и градење на вештини и знаења**
8. **Циркуларна економија: одржливо производство, потрошувачка и трговија**
9. **Финансирање на трансформацијта и алтернативни економски модели**

01

ПАРТИЦИПАТИВНИ НАЧИНИ НА УПРАВУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

Предлози и визии во насока на градење на општество на локално и на национално ниво каде што донесувањето на одлуки е вистински во рацете на луѓето, нагласувајќи ги гласовите на најзасегнатите индивидуи и заедници и вклучувајќи ги сите заедници ширум државата.

Ова се досегашните предлози дадени со цел да придонесат во нашето заедничко планирање и дискусии на кои начини да биде гласот на граѓаните во центарот на одлучувањето за своето општество и во градењето на праведна сегашност и иднина за сите.

- **Градење на доверба и вкоренување на вредностите според кои треба да се водиме**
- **Партиципативна демократија**
- **Централно и партиципативно планирање, а децентрализирано управување со ресурси**
- **Собирање и градење на колективно и локално знаење за екосистемите**
- **Муниципализација**
- **Децентрализирана сопственост на инфраструктура**
- **Еколошка демократија**
- **Реобмислување на институциите**
- **Механизам за одлучување**
- **Алатка за одлучување**
- **Одржливост**
- **Соодветна регулација и санкции**
- **Креирање на јавни граѓански партнерства**
- **Работна група: ентитет за реакција и справување со кризи**
  - **Редовно чистење на канали**
  - **Протоколи и правила на дејствување на цивилното население при катастрофи**
  - **Едуцирање на населението за тоа што се заеднички јавни добра**



02



ОДРЖЛИВИ СИСТЕМИ ЗА КУЛТИВАЦИЈА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ХРАНА И РУРАЛНИ ОБЛАСТИ


Предлози и визии во насока на градење на општество на локално и на национално ниво каде што производството на храна е направено на одржлив начин во хармонија со природните процеси и гарантирајќи ги правата на малите земјодел(ц)ки и локалните производители.

Ова се досегашните предлози дадени со цел да придонесат во нашето заедничко планирање и дискусии на кои начини се залагаме за праведност и суверенитет во култивацијата на храна, како и за просперитетот на руралните средини.

- **Права за фармерите, земјоделците и локалните произведувачи храна за најправедно да се стигне до одржлив систем со локални ресурси**
- **Локална и органска храна**
- **Општествени градини**
- **Етичка трговија (fair trade)**
- **Еколошко, социјално и економско паметни одлуки**
- **Ургентно намалување на конзумеризмот**
- **Ургентно намалување на фрлање на храна**
- **Искористување на био отпад за биомаса**
- **Намалена конзумација на месни производи**
- **Да не се експлоатират животните**
- **Елиминирање/намалување на користење на месни преработени производи**
- **Намалување на стаклени̇чки гасови**
- **Подобрување на состојбата на работниците во кланици, кои се често маргинализирани групи**
- **Забрана за дефорестација**
- **Митигација и адаптација на земјоделството на климатските промени**
- **Инвестиции за иригација и наводнување, кои според истражување во Македонија не се или се ретко применети со цел да има ефикасно управување со вода**
- **Да има повеќе истражувања во сферата на земјоделство и повеќе директна работа со земјоделците**
- **Осигурување на ранливи земјоделци**
- **Креирање на Национална стратегија за адаптација кон климатските промени со особен нагласок на земјоделството**
- **Сертифицирање на органски произведители, со цел да се подобри органската продукција на храна во земјата и да се олесни дистрибуција на овие производи и надвор од земјата, за да се подобри нивната состојба и да се издигне стандардот на производство на храна**
- **Поддршка и субвенционирање на производители на органска храна**
- **Дел од формално образование за обучување на фармерите со вештини за органско производство, или пренамена од сточарство кон култивација на друг вид на храна, како растенија**


03

ДЕКАРБОНИЗАЦИЈА, ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ И КЛИМАТСКА АКЦИЈА




Предлози и визии во насока на градење на општество на локално и на национално ниво каде што енергетскиот систем ги задоволува основните енергетски потреби на сите граѓани, се базира на децентрализирана и декарбонизирана енергија во сопственост на граѓаните и се погрижува за праведна енергетската транзиција од фосилни горива кон обновливи извори на енергија.

Ова се досегашните предлози дадени со цел да придонесат кон нашето заедничко планирање и дискусии на кои начини ќе постигнеме енергетска демократија, одржливо обновување и/или градење на потребната инфраструктура за енергетска транзиција кон обновлива енергија и ставање крај на енергетската сиромаштија.



- **НЕ за инвестирање во нови фосилни горива и проекти**
- **Енергетска демократија**
- **Справување со енергетската сиромаштија**
- **Анализа на потенцијалот за децентрализирана енергија од сонце, ветер и биомаса во сопственост на граѓаните и во умерена количина**
- **Праведна транзиција за сите вработени во фосилната индустрија и за нивните семејства**
- **Реквалификација за работа во секторот за ОИЕ**
- **Обнова на енергетскиот систем, намалување на загубата при преносот на енергија**
- **Проширување на енергетската инфраструктура да опфаќа заедници кои моментално живеат во енергетска сиромаштија**



- **Градење на фотонапонски централи на постојни (јавни) објекти, НЕ на плодно земјиште и генерирање енергија преку ре-употреба на веќе постоечки објекти**
  - **Примери: Соларни панели на земјоделски земјишта (посебни начини на поставување така што не пречат на одгледувањето на земјиштето); Соларни панели на градските паркинзи и на крововите на зградите и другите објекти.**



- **Користење на органски отпад за мали биогасни централи**
- **Децентрализирано управување со енергијата преку енергетски кооперативи за обновлива енергија**
- **Финансирање (субвенции) на децентрализирани проекти за обновливи извори на енергија**
- **Транспарентност, зголемено информирање и медиумска покриеност за енергетскиот сектор генерално**
- **Ревизација на веќе постоечкиот план за енергетска ефикасност**

04

ПРИРОДНИ ДОБРА: ЗАШТИТА И ОБНОВУВАЊЕ НА ЕКОСИСТЕМИТЕ

Предлози и визии во насока на градење на општество на локално и на национално ниво каде што луѓето живеат во хармонија со природата и засегнатите заедници, и заеднички работат на обновување и зачувување на екосистемите.

Ова се досегашните предлози дадени со цел да придонесат во нашето заедничко планирање и дискусии.

- **Враќање на почит и љубов кон природата и живите суштества, преку едукација и градење на колективна одговорност**
- **Напори за заштита на природата и екосистемте вложуваат повеќе НВО на различни начини со поддршка од страна на МЖСПП, Владата и сл.**
- **Намалување на загадување со проекти за заштита на околината со вклучени стручни и млади луѓе кои ќе работат со цел примена на нови технологии во индустријата, комуналните претпријатија, земјоделството, сообраќајот итн.**
- **Производството на енергија да се фокусира кон обновливи извори на енергија сончева и еолска. Сите поволни подрачја за еолска и сончева енергија да бидат искористени и на нив да се имплементираат сончеви панели и ветерници. Да се инвестира во дистрибутицијата за да не се загуби поголемиот дел од енергијата додека да стигне до нашите домови. Освен во инфраструктурата да се инвестира и пренасочи капиталот кон обновливи извори на енергија.**
- **Да не се градат толку многу згради и на нивно место да бидат засадени дрва и да има шуми, паркови и широки јавни простори за бенефит на граѓаните.**
- **Обновувањето на екосистемите преку колективни работни акции. Сите луѓе совесно да поминуваат време во природата и не ја уништуваат.**
- **Секоја институција да е вклучена во заштита на природата и екосистемите. Ова да е организирано со тоа што има совет за заштита на природата и екосистемите и претставници од секоја институција членуваат во овој совет кој донесува насоки коишто треба да ги преземат институциите за подобрување на ситуацијата.**

04

- **Секоја општина треба да се грижи за својата околина. Дрвјата се нашите бели дробови, па да го споиме доброто со корисното па јавните површини да ги засадуваме со дрвја кои раѓаат (овошје јаткасти плодови) - училишни дворови, градинки, дворови на министерства, општини и обработливо земјиште под државна сопственост. Собраните плодови да се користат за социјално ранливите категории без оглед дали ќе биде во форма на добра или во форма на пари собрани од продажбата на производите. На тој начин ќе споиме два сектори: зачувување на животната околина и помош на социјалните групи.**

- **Покрај станбените згради и куќите за живеење да има општествени заеднички јавни градини за кои луѓето од заедницата наоколу се грижат и садат различни овошки и зеленчуци за козумирање**
- **Да нема (илегална) сеча на дрва**
- **Урбано и планирано пошумување**
- **Урбани и планирани паркинг места**
- **Да се најдат експерти и волонтери кои ќе работат и го познаваат полето на екологијата, ботаниката и зоологијата за зачувување на природните живеалишта како што треба**
- **Сите возрасни групи, од 7 до 77 години да бидат вклучени во заеднички активности за зачувување на сите природни добра, а најмногу со фокус на нивните локални заедници**



05

ЈАВНО ЗДРАВЈЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ, ВОДИТЕ И ПОЧВАТА

Предлози и визии во насока на градење на општество на локално и на национално ниво каде што јавното здравје е во центарот на трансформираниот систем и е во хармонија со природниот тек на зачувување на воздухот, водите и почвата.

Ова се досегашните заклучоци и предлози дадени со цел да придонесат кон нашето заедничко планирање и дискусии околу јавното здравје и прочистување на водата, воздухот и почвата.

1. Загадувањето на природата и климатските промени директно влијаат врз здравјето на граѓаните.
2. Во нашата земја постои надпросечно загадување на воздухот во градовите, реките не се заштитени со соодветни филтри, постои значително загадување и на почвите. Сето ова негативно се одразува врз здравјето на граѓаните на нашата земја.
3. Зависноста од добивањето на енергија од фосилни горива во нашата земја претставува и фактор за влошување на состојбата со климатските промени кои секако ќе влијаат врз егзистенцијата и здравјето и на сегашните и на идните генерации.
4. За оваа катастрофална состојба на загаденост на природата во нашата земја, граѓаните се делумно запознаени, обременети од секојдневните егзистенцијални проблеми не обрнуваат многу внимание и не преземаат соодветни мерки за намалување на степенот на загадувањето на природата.
5. Од досегашните активности кои ги преземаат институциите не се забележува голема активност во насока на намалувањето на загадувањето и запознавањето на граѓаните со неопходноста за соодветно делување.

6. Поради тоа, Коалицијата на Иднината, која се состои од млади активисти, граѓани и граѓански здруженија, врз основа на мислењата на граѓаните и експертски мислења, ги предлага следните мерки како дел од Националниот Зелен Договор кои се однесуваат на јавното здравје и заштитата на воздухот, водата и почвата:

Јавно здравје:

- **Лесно достапни и квалитетни здравствени услуги за сите категории на граѓани без разлика на возраст, пол, верска и етничка припадност.**
- **Развиено здравство кое ќе овозможи соодветен третман во земјата, без потреба за лекувања во странство.**
- **Подобрување на организацијата на здравствениот систем – електронска здравствена картичка- брзо и лесно закажување на прегледи, следење на медицинската историја, болнички третман и подигнување на лекови – сите информации за пациентот ќе бидат достапни преку електронската картичка.**
- **Подобрување на квалитетот на здравствените услуги – инвестирање во обука на кадар, квалитетни инструменти и апарати во јавното здравство за да не мора пациентите да бараат услуги во приватните установи или во странство.**
- **Поставување на протоколи за третман на болните.**
- **Строга контрола на давателите на здравствените услуги за квалитетот на услугата каде пациентите не смее да бидат потценувани или условувани за дадената услуга.**
- **Спречување на одлив на здравствен кадар преку овозможување на работа каде се почитувани работничките права, работата е добро организирана, има можност за напредување и соодветна плата.**

Заштита на воздухот:

- **Напуштање на фосилните горива како ресурс за добивање на енергија и ориентација кон обновливи извори на енергија – фотоволтаици, енергија од ветер,итн.**
- **Постепено, континуирано и целосно спроведување на напуштањето на фосилните горива за транспорт – прво, забрана за користење на дизел горива, потоа субвенционирање на трансфер на автомобили кои користат метан, хибридни и електрични возила за чие електрично напојување идеално би се користела електрична енергија од обновливи извори.**
- **Користење на квалитетен јавен транспорт и велосипеди/тротинети наместо автомобили. За таа цел, потребно е зголемување на кваилтетот на услугите на јавниот транспорт, како и достапноста. Потребно е и субвенционирање на набавката на велосипеди/тротинети, како и дестимулација на користење на автомобили со зголемување на цената на паркингот.**
- **Во градежништвото задолжително користење на термоизолација, изградба на кровови со сончеви колектори или рамни покриви со зеленило и градини.**

- **За загревање на домовите да се овозможи подостапно користење на централно греење и загревање со електрична струја добиена од обновливи извори**
- **Вградување на квалитетни филтри на оџаците на фабриките.**
- **Чести контроли и строги казни за загадувачите кои не поставиле соодветни филтри на оџаците на фабриките. За таа цел треба да се зголеми бројот на инспектори за животна средина и да се контролира нивната работа.**
- **Поставување на контролни пунктови за мерење на квалитетот на воздухот на повеќе места во земјата и лесна достапност на информациите за квалитетот на воздухот до граѓаните.**

Заштита на водите:

- **Строга контрола на загадување на реките и езерата**
- **Поставување на прочистителни станици на вливот на канализационите води во реките**
- **Заштита на езерските еко-системи со строга контрола на градежни дејности и туристички активности во близина на езерата.**
- **Забрана за изградба на мали хидроцентрали.**
- **Забрана за користење на извори за производство на флаширана вода.**

Заштита на почвите

- **Ориентирање кон природен начин на ѓубрење, инсектициди и пестициди**
- **Субвенции за органските производители**
- **Контрола на загадувачите – индивидуални и фабрички отпад кој треба да биде отстранет на соодветен начин преку поголем број на инспектори и контрола на работата на инспекторите.**
- **Забрана за отварање на нови рудници.**
- **Строги казни за оние кои фрлаат отпад на неозначено место.**
- **Забрана за производство и трговија со пластични кеси и други видови пластични производи за еднократна употреба.**

За спроведување на сите овие мерки ќе биде потребна поддршка од страна на граѓаните кои судејќи според состојбата во која моментално се наоѓа нашата земја, не се доволно запознаени за важноста за заштитата на природната средина. Затоа, потребна е масовна едукација преку медиумите. Потребни се секојдневни програми и кампањи каде на граѓаните на едноставен начин ќе им биде објаснета потребата од превземање на мерки за заштита на природните богатства, од чија заштита ќе имаат самите бенефит по нивното здравје. Исто така, потребна е и едукација во руралните средини за значењето на соодветното одлагање на отпад, отстранување на стрништа, сеча на шуми, итн.

06

СОЦИЈАЛНА ПРАВЕДНОСТ И ПРИСТАП ДО ДОСТОИНСТВЕНА РАБОТА

Предлози и визии во насока на градење на општество на локално и на национално ниво каде што секому се квалитетно задоволени основните човекови потреби, каде што секој има пристап до достоинствена и соодветно компензирана работа, можност за достоинствено домување, и каде што заедницата се грижи за добробитот на секоја индивидуа и обратно.

Ова се досегашните предлози дадени со цел да придонесат во нашето заедничко планирање и дискусии на кои начини да загарантираме социјална праведност во трансформираниот систем.

- **Да нема потреба од “социјална помош”**
- **Универзален доход за секој човек**
- **Скалесто оданочување/ вистински прогресивен данок**
- **Обезбедување на правна сигурност на сите кои се вклучени во процесот на поризводство и креација**
- **Пристап до 3 квалитетни бесплатни оброци**
- **Пристап до бесплатно квалитетно здравство**
- **Пристап до бесплатно квалитетно образование**
- **Пристап до бесплатно квалитетно домување**
- **Слободен бесплатен пристап до чиста вода за секој и одржување на системите/ инфраструктурата**
- **Чиста и здрава вода како човеково право**
- **Чиста и здрава храна како човеково право**
- **Репарации за дискриминираните луѓе**
- **Пристап до достоинствена работа(Флексибилно)**
- **Работно време од 6 часа 30 дена годишен одмор, 4 работни дена во неделата**
- **Признавање на креативната работа како достоинствена работа**
- **Субвенционирање на стари занаети, да се вратат тие работни позиции, да се искористат тие занаети и вештини**
- **Признавање на домашната работа како достоинствена работа**
- **Признавање на грижата за млади и стари лица како достоинствена работа**
- **Алтернативна работа, пр: аерозагадување, затворање на фабрики, сите вработени, ќе изгубат работа, да има алтернативна соодветна работа како замена**
- **Праведен правен систем, институционална пракса на сите кадри, да се истражува секој проблем темелно**
- **Трансформација на работните односи**
- **Мултисекторски пристап - не оставање простор за корупција**

06

- **Строго следење на состојбата на децата во координација со безбедносните служби и социјалните служби.**
- **Имање регистар за бездомници, кој е во подготовка и Национална стратегија за справување со бездомници и / или акциски план**
- **Регистар на лица кои немаат државјанство, но немаат друга документација (лична карта, итн.) Со цел да им се обезбеди социјална заштита, социјална помош и лични документи со цел сите граѓани да добијат еднакви права.**

1. Систем за електронско вмрежување на јавни услуги на сите административни нивоа.

2. Функционален образовен систем на сите нивоа, со едукативни библиотеки.

3. Паметен град, одржливи рурални области.

4. Функционален систем на безбедност, заштита и правда.

5. Функционален и инклузивен систем на вработување, пазар на труд, социјална заштита и јавно здравје. Компетенции да се засноваат на интегрален концепт на теоретско знаење и практични вештини, но и заживување на занаетите со посебни комплекси во градот

- **Нацрт стратегија за краткорочни и / или долгорочни мерки и активности во областа на населението и развојот, вработувањето, трудот и социјалната политика, образованието, науката и јавното здравство и социјалната заштита, како и екологијата и одржливиот развој на енергијата**
- **Универзален основен приход и пристојна работа, секој што сака да биде вработен и кој не сака да прима приход, секое работоспособно лице да биде вработено и да најде соодветна работа**
- **Пристојна работа и плата за сите**
- **Здравството е достапно за секого и е загарантирано со закон**
- **Производителите на органска храна се поддржани така што луѓето имаат поширок избор на храна**
- **Министерствата работат заедно со НВО и други организации за да помогнат во негувањето и заштитата на животната средина**
- **Враќање на средната класа**
- **Подобрување на ромските јавни услуги и воспоставување ефикасен систем на јавни услуги што треба да ги зароби граѓаните кои дури и пред кризата не беа изложени на ризик и оние кои се надвор од формалната социјална заштита**
- **Взаемна поддршка, солидарност, акција и решавање на социјални проблеми. Борба против кршењето на правата на работниците, почитување на законските прописи и договори. Зголемена важност на Економскиот и социјален совет (ЕСС) како платформа за дијалог во обликувањето на националната и локалната агенда за економски и социјални реформи**

06

- **Заштита на правата на текстилните работници, да имаат можност за флексибилно работно време. Подобрување на условите на градежните работници и рударите (професии за тешка и физичка работа).**
- **Обука и развој на персоналот во компаниите за да се обезбеди развој на вештини**
- **Точка во општинскиот буџет за помош и поддршка на ниското образование во одредена (секоја) општина каде има таква категорија граѓани, за помош и поддршка на овие граѓани при вработување.**
- **Зајакнување на инспекциските услуги за борба за правата на вработените (редовна исплата на надоместоци).**
- **Силна поддршка за унионизација во приватниот сектор.**
- **Општинско финансирање за родова еднаквост - да се намалат социјалните разлики меѓу мажите и жените.**
- **Строго почитување на законските прописи поврзани со работничките права.**
- **Зголемена употреба на велосипеди наместо автомобили**
- **Солидарност и емпатија**
- **Еднакви можности за вработување на лицата со попреченост.**
- **Напуштање / напуштање на рамниот данок. Ревизија на постојната даночна политика за да се избегнат социјалните неправди. Даночни бенефиции за млади до 29 години.**
- **Контрола на издувните гасови**
- **Зелени покриви**
- **Задолжително законски утврдено рециклирање на ѓубрето, но исто така и секако обезбедување услови за тоа (канти, контејнери) и неправилното отстранување на отпадот треба да се казни**
- **Различни луѓе зборуваат на ист јазик и живеат среќно. Сончевата енергија се повеќе се користи, сите се грижат за животната средина, луѓето се еднакви, секој труд се цени.**
- **Преку зелена економија, особено органско земјоделство, општествена одговорност на претпријатијата и враќање на работничката самоуправа градејќи го зелениот договор**
- **Репарации за дискриминираните**
- **Секој град во МК треба да има социјални згради 1,2,3 (во зависност од големината на градот) во кои ќе бидат сместени сите семејства кои се на работ на егзистенцијата.**

07

УМЕТНОСТ, КУЛТУРА, ОБРАЗОВАНИЕ И ГРАДЕЊЕ НА ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА

Предлози и визии во насока на градење на општество на локално и на национално ниво каде што слободното време поминато со нашите сакани и / или во креативни изблици на креирање или восхитување на веќе креираното е интегрален дел од нашите животи и од процесот на едукација и градење на индивидуални и колективни знаења и вештини.

Ова се досегашните предлози дадени со цел да придонесат во нашето заедничко планирање и дискусии.

- **Развој на критичка мисла**
- **Учење на начини за општествено делување и учество во носење на одлуките**
- **Употреба на алтернативни методи на предавање**
- **Популарна едукација**
- **Организирање на дебати, дискусии, работилници со цел поттикнување на аргументативни дискусии и достигнување колективни решенија**
- **Реобмислување и адаптирање на наставната програма со наратив/акцент на увидување на социјално, економските и еколошките проблеми од моменталниот систем и претходните социо-економски системи**
- **Настава во природа, укажување на нашата неделливост од природата од мали нозе**
- **Практично учење, учење вештини на иднината, односно сегашноста и акцијаштво**
- **Психоанализа на професори и наставници, повремени тестирања на нивните вештини, знаења и особини кои влијаат при спроведување на воспитно-образовната настава**
- **Припрема на младите за вистинскиот живот кој ги очекува Признавање на волонтерска работа – дополнителни поени, начин на вреднување кое ќе ги мотивира учениците**
- **Часеви за ментално и сексуално здравје, и човекови вредности, потребно за сите возрасти како задолжително во образовниот процес**
- **Кариерен центар во училиштата за професионално гадење со цел да ги насочи учениците да знаат каде да се насочат и да ја започнат нивната кариера базиран врз принципите на праведност**
- **Образовен систем насочен на кооперативност и заедништво.**

08

ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА: ОДРЖЛИВО ПРОИЗВОДСТВО, ПОТРОШУВАЧКА И ТРГОВИЈА

Предлози и визии во насока на градење на општество на локално и на национално ниво каде што економскиот систем се базира на задоволување на основно потребната потрошувачка и производство за сите, на база на одржлив модел за просперитет на заедниците и применувајќи циркуларни методи во секој дел на своето функционирање.

- **Престанување природата да се третира како ресурс за неограничена експлоатација и како депонија за сè поголемо ѓубре/отпад. Природата не е и не може да биде третирана како ресурс за неограничена експлоатација и не смее да биде третирана како депонија и безграничен простор за таложење неразградлив отпад - затоа што природата има ограничена способност да ги разгради се поголемите количества на отпад кој е резултат на неодржливите човекови практики**
- **Преориентирање кон производство на материјални добра кои ќе бидат трајни и кои лесно се поправаат. Поедноставување на материјалите, со законски, одредби кои се користат во производството со цел да се овозможи нивно рециклирање. Барање за создавање законски одредби и регулативи во правец преферирање производство засновано на поедноставени материјали и одржлив дизајн, материјални добра кои се погодни за поправки и рециклирање. Барање за создавање специфични мерки за промоција, подршка и системско преферирање на производства на трајни материјални добра**
- **Искористување на локалните производствени капацитети, вештини и знаења, со чувство за потребите на локалната средина**
- **Минимизација на отпадот и профитирањето да се тргне од рециклирањето (затоа што произведува отпад)**
- **Транспарентно следење на процесите за рециклирање, вклучително и јавните претпријатија и приватните претпријатија**
- **Компаниите да се преориентираат кон производство со нула или низок јаглероден отпечаток**



09

ФИНАНСИРАЊЕ НА ТРАНСФОРМАЦИЈАТА И АЛТЕРНАТИВНИ ЕКОНОМСКИ МОДЕЛИ

Предлози и визии во насока на градење на општество на локално и на национално ниво каде што приоритетите за инвестирање на време и ресурси се одредуваат на база на вистинските потреби на засегнатите заедници и во насока на подобрување на животите на луѓето и на заштита на екосистемот и превенцијата на климатската катастрофа.

Ова се досегашните предлози дадени со цел да придонесат во нашето заедничко планирање и дискусии кон залагање за пренасочување на финансии и инвестиции кон модели за гарантирање на праведен пристап до основни квалитетни добра и услуги за сите.

- **Транспарентност во сите одлуки за трошењето на јавните финансии. Изготвување на правилник за комуникација и информирање на јавноста и начини за вклучување на јавноста во донесувањето на одлуките за трошењето на јавните финансии**
- **Одржлива алокација на финансиските ресурси на државата. Пр. Парите што се собираат од даноци за еколошки цели, да се користат само за еколошки цели**
- **Промена на приоритетите на државата за буџетирање во однос на одвојувањето средства од буџетот на државата, од единиците на локална самоуправа, во насока на реалокација на финансиски средства за заштита на животната и социјална правда**
- **Прекин на финансирање на јаглен. Пренасочување на инвестирањето**
- **и производството на енергија од фосилни горива кон обновливи извори на енергија**
- **Финансирање на развој и благостојба, а не раст!**
- **Ревидирање на политиките за увоз и извоз на електрична енергија**
- **Нов начин на мерливост на придобивките (проблематизирање на БДП), нов начин на мерење на благосостојбата (алтернатива на БДП)**



КОАЛИЦИЈА НА ИДНИНАТА

Kolektiv Z

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

EYF european youth foundation fonds européen pour la jeunesse

COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE

smartup

system: reset

ЈУЛИ 2021